Су.бр.317/2010-4

Врз основа на чл.88 од Законот за судовите чл.100 од Законот за јавни набавки Претседателот на Апелациониот суд во Штип Стојанче Рибарев, на ден 08.03.20010 год. го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За најповолен понудувач, носител на набавката за **МЕТАЛНИ АРХИВСКИ ОРМАРИ**, по спроведената постапка за јавна набавка со барање за прибирање на понуди, **СЕ ИЗБИРА „БИТ-ТЕХНА“ ДООЕЛ Штип.**

О б р а з л о ж е н и е

Со решение Су.бр.317/2010 од 24.02.2010 год., е утврдена потребата за набавка за метални архивски ормари и истата да се изврши со барање за прибирање на понуди согласно чл.100 ст.1 алинеја 1 од Законот за јавни набавки.

Како критерум за избор за најповолен понудувач е определно да биде цената 80 бодови, рок на испорака 10 бодови и рок на плаќање 10 бодови.

Покана за доставување на понуди беше доставена до 3(тројца) економски оператори кои доставија понуди.

По спроведената постапка, комисијата за јавни набавки достави до Претседателот на судот записник и извештај за евулација на понудите со предлог како најповолен понудувач да се избере понудувачот БИТ-ТЕХНА ДООЕЛ од Штип.

Претседателот на Апелациониот суд во Штип од записникот и извештајот за евалуација на понудите поднесен од Комисијата за јавни набавки утврди дека понудувачот БИТ-ТЕХНА од Штип има понудено најповолна понуда согласно критериумите дадени во барањето, односно понудувачот БИТ-ТЕХНА од Штип има добиени вкупно 100 бодови, БИРОСТИЛ од Скопје 81,91 бодови, а ОПРЕМА од Скопје 73,97 бодови.

Ваквиот број на бодови е добиен поради следното: БИТ-ТЕХНА од Штип има понудено вкупен износ на вредноста на набавката 252.720,00 ден.без ДДВ, а 298.220,00 денари со ДДВ, БИРОСТИЛ од Скопје има понудено вкупен износ на вредноста на набавката 280.800,00 денари без ДДВ и 331.344,00 денари со ДДВ, а понудувачот ОПРЕМА од Скопје има понудено вкупен износ на вредноста на набавката од 292.760,00 ден. без ДДВ, а 345.437,00 денари со ДДВ.

Поради тоа по критериум цена БИТ-ТЕХНА од Штип има добиено 80 бодови , БИРОСТИЛ од Скопје 71,91 бодови, ОПРЕМА од Скопје има добиено 68,97 бодови.

Во однос на критериумот Рок на испорака понудувачот БИТ-ТЕХНА понудил 15 дена и има добиено 10 бодови, БИРОСТИЛ понудил 30 дена и има добиено 5 бодови, а понудувачот ОПРЕМА исто така понудил 30 дена , за што добил 5 бодови.

За критериумот рок на плаќање понудувачот БИТ-ТЕХНА понудил 15 дена од рокот на испорака и по тој критериум добил 10 бодови. БИРОСТИЛ понудил 50% авансно плаќање, а остатокот по испораката , за што добил 5 бодови, а понудувачот ОПРЕМА понудил само авансно плаќање така што по овој основ не добил ниту еден бод.

Поради овие причини Претседателот на Апелациониот суд во Штип одлучи како најповолен понудувач, носител на набавката на метални архивски ормари да го избере понудувачот БИТ-ТЕХНА ДООЕЛ од Штип.

Од погоре изнесените причини, а врз основа на чл.100 ст.1 алинеја 1 и чл.142 ст.5 и 6 од Законот за јавни набавки се одлучи како во изреката на ова решение.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП – 08.03.2010 година.

Претседател на судот
Стојанче Рибарев с.р.

ПОУКА: Против ова решение незадоволниот економски оператор има право на жалба во рок од 3 дена по приемот на истото до Државната комисијата за жалби по Јавни набавки.